Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 56/0306
15.02.2019 год.
Скопје

13.02.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 февруари 2019 година, врз основа на примена жалба од Кети Гетева, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „Народен глас“, со текстот насловен „(Видео) Како куртонката Кети Гетева води ТВ дебата на ТВ Алфа Куртон Васе Хефталица приказује?!?!“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 10 и 15.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 23 јануари 2019 година, водителка новинарката Кети Гетева поднесе жалба за текстот со наслов „(Видео) Како куртонката Кети Гетева води ТВ дебата на ТВ Алфа куртон Васе Хефталица приказује?!?!“, објавен на 22 јануари 2019 година на интернет порталот „Народен глас“ (www.narodenglas.com).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, пристрастност во информирањето, незастапена втора страна и навреда.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Народен глас“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Народен глас“ не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10 и 15.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 февруари 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во содржината на текстот.

Членовите на Комисијата, најнапред, констатираа дека се работи за исклучително непрофесионален и несериозен новинарски производ, чија единствена цел е да се навреди, исмее и дискредитира новинарката Кети Гетева, а на нејзината работа да ѝ се даде политичка заднина. Користејќи навредлив и непримерен јазик, авторот, кој не е потпишан на

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

текстот, преку невешт и само нему познат новинарски жанр, во форма на пародија, се обидува да го обезличи и обезвредни самото интервју и соговорникот на новинарката Гетева, пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Емил Димитриев, на начин, кој се коси со сите новинарски стандарди:

***„Гетева: Власта ќе креира независно тело кое ќе става ред во прислушкувањето, господине Емил Димитриев, што мислите вие за тоа?! Инаку, добредојдовте во Куртон Алфа ТВ Васе Хефталица прикажује“.***

***„Емил Димитриев: Уште еднаш благодарам за поканата, дрн дрн дрн бла бла бла њањања бла бла бла дрн дрн дрн бла бла бла њањања бла бла бла Дрн дрн дрн бла бла бла њањања...“***

Комисијата најде дека во текстот на „Народен глас“ е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите, отстапка што особено е нагласена во насловот од текстот:

***„Како куртонката Кети Гетева води ТВ дебата на ТВ Алфа куртон Васе Хефталица приказује?!?!“.***

Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предзвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација,физички недостаток итн.

Обврска на новинарите и медиумите е да ги заштитат поединците и групите од неправда и дискриминација, извршени од страна на јавни органи и институции, од приватни претпријатија или од кој било друг. Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинари им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омразата е неспоив со новинарската етика.

При своето одлучување, Комисијата го зеде предвид и членот 9 од Уставот на РМ, во кој се вели дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Понатаму, членовите на Комисијата утврдија дека во текстот е прекршен и членот 15 од Кодексот, според кој, новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Ваквото прекршување е забележително во насловот и во воведниот дел од текстот:

***„Инаку, добредојдовте во Куртон Алфа ТВ Васе Хефталица прикажује“.***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која и се обраќа и не смее да користи непримерни, вознемирувачки и порнографски содржини во својата работа.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Народен глас“ (www.narodenglas.com) , во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595